Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 01-788/1
22.07. 2025 год.
н. Илинден, Илинден

ЈКП „ВОДОВОД“ н.Илинден

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП „ВОДОВОД“ н.Илинден за период 01.01-30.06.2025 година

Илинден, јули 2025 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3
2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ..... 4
2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ОДРЖУВАЊЕ ..... 4
2.1.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ ..... 4
2.1.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ..... 6
2.1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ..... 7
2.1.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ..... 10
2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ ..... 11
2.2.1. ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ..... 11
2.2.3. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ ..... 13
2.2. 2 ИНВЕСТИЦИИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА ..... 14
2.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТРЕТМАН НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ) ..... 15
2.3.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ ..... 15
2.3.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ ..... 16
2.3.3. ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ ..... 17
2.3.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ ..... 18
2.3.5. СОБИРАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ..... 19
2.4.5. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ПРЕЧИСТЕНАТА ОТПАДНА ВОДА ..... 19
2.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПП ЗАШТИТА ..... 20
2.5. ФИНАНСИСКИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ ..... 20
2.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ ..... 21
ЗАКЛУЧОК ..... 22

# ВОВЕД

Извештајот за работата и резултатите од работењето на ЈКП „Водовод" н.Илинден за првата половина од тековната година содржи информации за превземените технички, оперативни, комерцијални, финансиски и организациски активности на Претпријатието во функција на подобрување на ефикасноста во работењето, континуирано обезбедување на здравствено исправна вода за пиење, поголема безбедност и сигурност во снабдувањето и квалитет на водната услуга согласно важечките стандарди, како и зголемување на покриеноста во делот на одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

# 1. ОРГАНИЗАЦИОНА И КАДРОВСКА ПОСТАВЕНОСТ

Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на Претпријатието и Статутот на Претпријатието во хиерархиската поставеност на ЈКП „Водовод" н.Илинден утврдени се следните нивоа:

- Директор,
- Служби и
- Одделенија.

Во рамките на Претпријатието егзистираат следните организациони единици:

- 2 (две) служби и
- 7 (седум) одделенија

**Табела 1:** Број на вработени по организациски единици

| Опис | Број на работни места | Состојба | |
|---|---|---|---|
| | | 01.01.2025 | 30.06.2025 |
| **1. Менаџмент** | 1 | 1 | 1 |
| 1.1. Директор | 1 | 1 | 1 |
| **2. Административна служба** | 9 | 0 | 1 |
| Раководител | 1 | 0 | 0 |
| 2.1 Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси | 5 | 0 | 0 |
| 2.2. Одделение за финансии и сметководство | 3 | 0 | 1 |
| **3. Стручна служба** | 69 | 44 | 49 |
| Раководител | 1 | 0 | 0 |
| 3.1. Одделение за водоводна мрежа и одржување | 26 | 17 | 18 |
| 3.2. Одделение за санитарна контрола и управување со пумпни станици и резервоари | 16 | 9 | 12 |
| 3.3. Одделение за третман на отпадни и атмосферски води (канализационен систем) | 8 | 6 | 6 |
| 3.4. Одделение за експлоатација на возниот парк и одржување на капацитетите | 8 | 4 | 5 |
| 3.5. Одделение за обезбедување и ПП заштита | 10 | 8 | 8 |
| **Вкупно вработени** | 79 | 45 | 51 |

Во Претпријатието на 30.06.2025 година има 10 привремено вработени лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања распоредени на работни места согласно потребите на Претпријатието од работници за извршување на дополнителни работи.

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ОДРЖУВАЊЕ

Во Одделението за водоводна мрежа и одржување се вршеше континуирано одржување на водоводната мрежа, уреди и водоводни приклучоци, потоа активности за проширување на одредени делови од водоводната мрежа, поставување на нови приклучоци за физички лица и правни субјекти, отстранување на настанатите дефекти, испирање на водоводната мрежа, испитување на квалитетот на испорачаната вода, функционалност на воздушните вентили и пропратната опрема, како и активности за откривање на евентуални диво приклучените корисници на водоводната мрежа.

### 2.1.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ

ЈКП ''Водовод'' Илинден обезбедува дезинфекција и дистрибуција на вода за пиење на територија на Општина Илинден, но и на населени места во Општина Гази Баба и Општина Петровец.

Во периодот 01.01 – 30.06.2025 година евидентирани се вкупно 106 нови корисници од кои 89 се физички лица и 17 се правни субјекти, така што вкупниот број на корисници приклучени на водоводниот систем со кој стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден изнесува 9.328. (Во вкупниот број на корисници од општина Петровец се вбројуваат корисниците од станбената зграда кај општината)

**Табела 2:** Вид и број на корисници по Општини

| **Општина** | **Вид на корисници** | | | | | | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Општина Илинден | 5.600 | 5.638 | 38 | 392 | 394 | 2 | 5.992 | 6.032 | 40 |
| Општина Гази Баба | 1.538 | 1.545 | 7 | 55 | 56 | 1 | 1.593 | 1.601 | 8 |
| Општина Петровец | 1.541 | 1.585 | 44 | 96 | 110 | 14 | 1.637 | 1.695 | 58 |
| **Вкупно** | **8.679** | **8.768** | **89** | **543** | **560** | **17** | **9.222** | **9.328** | **106** |

ЈКП „Водовод" н.Илинден е надлежно претпријатие за поставување на нови водоводни приклучоци исклучиво на територијата на Општина Илинден, по претходно поднесено барање за нов приклучок или барање за одвојување, со уредно доставена документација (одобрение за градба или решение за легализирање на бесправно изграден објект) и платен надомест за водоводен приклучок. Во останатите општини

надлежни за поставување на новите водоводни приклучоци се јавните претпријатија од Општина Гази Баба, односно Општина Петровец.

**График 1:** Графички приказ на вкупен број на корисници




**График 2:** Процентуален приказ на бројот на корисници по Општини



**Табела 3:** Број на корисници по населени места во Општина Илинден

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Илинден | 1.678 | 1.686 | 8 | 172 | 174 | 2 | 1.850 | 1.860 | 10 |
| Марино | 1.481 | 1.484 | 3 | 104 | 104 | 0 | 1.585 | 1.588 | 3 |
| Марино (лок. Јака) | 204 | 218 | 14 | 0 | 0 | 0 | 204 | 218 | 14 |
| Кадино | 557 | 559 | 2 | 55 | 55 | 0 | 612 | 614 | 2 |
| Мралино | 234 | 239 | 5 | 4 | 4 | 0 | 238 | 243 | 5 |
| Ајватовци | 193 | 196 | 3 | 2 | 2 | 0 | 195 | 198 | 3 |
| Бунарџик | 271 | 273 | 2 | 40 | 40 | 0 | 311 | 313 | 2 |
| Миладиновци | 476 | 476 | 0 | 14 | 14 | 0 | 490 | 490 | 0 |
| Бујковци | 204 | 204 | 0 | 0 | 0 | 0 | 204 | 204 | 0 |
| Бучинци | 85 | 85 | 0 | 0 | 0 | 0 | 85 | 85 | 0 |
| Текија | 82 | 82 | 0 | 1 | 1 | 0 | 83 | 83 | 0 |
| Дељадровци | 135 | 136 | 1 | 0 | 0 | 0 | 135 | 136 | 1 |
| **Вкупно** | **5.600** | **5.638** | **38** | **392** | **394** | **2** | **5.992** | **6.032** | **40** |

**Табела 4:** Број на корисници по населени места во Општина Гази Баба

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови |
| Јурумлери | 887 | 893 | 6 | 34 | 34 | 0 | 921 | 927 | 6 |
| Гоце Делчев | 273 | 273 | 0 | 6 | 6 | 0 | 279 | 279 | 0 |
| Дрма | 120 | 121 | 1 | 0 | 0 | 0 | 120 | 121 | 1 |
| Идризово | 258 | 258 | 0 | 15 | 16 | 1 | 273 | 274 | 1 |
| **Вкупно** | **1.538** | **1.545** | **7** | **55** | **56** | **1** | **1.593** | **1.601** | **8** |

**Табела 5:** Број на корисници по населени места во Општина Петровец

| Населено место | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01. | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Петровец | 824 | 858 | 34 | 55 | 64 | 9 | 879 | 922 | 43 |
| Ржаничино | 408 | 414 | 6 | 14 | 15 | 1 | 422 | 429 | 7 |
| Огњанци | 268 | 271 | 3 | 2 | 3 | 1 | 270 | 274 | 4 |
| Ќојлија | 41 | 42 | 1 | 25 | 28 | 3 | 66 | 70 | 4 |
| **Вкупно** | **1.541** | **1.585** | **44** | **96** | **110** | **14** | **1.637** | **1.695** | **58** |

## 2.1.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

Водоснабдителниот систем на ЈКП „Водовод" н.Илинден има вкупна должина од 231.706 метри и во себе вклучува примарни водови со просечни димензии од Ø400 до

Ø110 во должина од 66.709 метри и секундарни водови со просечни димензии од Ø110 до Ø32 во должина од 164.997 метри.

ЈКП „Водовод" н.Илинден во период 01.01-30.06.2025 година изврши проширување на водоводната мрежа во вкупна должина од 985 метри заради приклучување на нови корисници во населените места на територија на општина Илинден.

**Табела 6:** Инвестиции на водоводна мрежа и реконструкција на постоечката мрежа (m)

| Нова водоводна мрежа (m) | |
|---|---|
| **Инвестиции** | **Должина** |
| Илинден | 195 |
| Марино – Јака | 175 |
| Миладиновци | 270 |
| Кадино | 100 |
| Марино (Локалитет 14 и 15) | 225 |
| Мралино | 20 |
| **Вкупно** | **985** |

**Табела 7:** Должина на водоводна мрежа (m)

| Должина на водоводна мрежа (m) | | | |
|---|---|---|---|
| Населено место | 01.01.2025 | 30.06.2025 | Нова мрежа |
| Примарна водоводна мрежа | 66.709 | 66.709 | 0 |
| Секундарна водоводна мрежа | 164.012 | 164.997 | 985 |
| **Вкупно** | **230.721** | **231.706** | **985** |

## 2.1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

### ПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈКП „Водовод" н.Илинден континуирано вршеше контрола на состојбата на примарната водоводна мрежа (проверка на главните водоводни линии, контрола на шахти на главните водоводни линии - воздушни вентили, шибери и гарнитури).

### НЕПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

Во периодот 01.01-30.06.2025 година од страна на стручните екипи на ЈКП „Водовод" н.Илинден се санирани вкупно 208 дефекти кои опфаќаат дефекти на примарните водови, секундарните водови и приклучоците за крајните корисници, при што за линиите со полиетилен и ПВЦ се користени исклучиво сопствени капацитети, сопствена работна рака и сопствена механизација, додека за санацијата на челичните цевководи беше ангажирана надворешна фирма за браварско-заварувачки работи.

**Табела 8:** Санирани дефекти на примарните водови

| Примарни водови | Број на санации |
|---|---|
| Примарен вод ОКТА Ø400 | 4 |
| Примарен вод Јурумлери Ø280 | 1 |
| Примарен вод Мралино Ø280 | 1 |
| Примарен вод Кадино Ø280 | 7 |
| Примарен вод Кадино Ø225 | 1 |
| Примарен вод Илинден Ø280 | 3 |
| Примарен вод Илинден Ø225 | 1 |
| Примарен вод Бунарџик Ø160 | 2 |
| Примарен вод Ајватовци Ø110 | 1 |
| Примарен вод Дељадровци Ø75 | 1 |
| **Вкупно** | **22** |

**Табела 9:** Споредбен приказ на санирани дефекти на примарните водови во период 2022-2025 година

| Примарен вод | Број на санации | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
| Примарен вод ОКТА Ø400 | 4 | 5 | 2 | 4 |
| Примарен вод Јурумлери Ø400 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Примарен вод Јурумлери Ø280 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Примарен вод Мралино Ø280 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Примарен вод Кадино Ø280 | 9 | 15 | 7 | 7 |
| Примарен вод Кадино Ø225 | 0 | 2 | 2 | 1 |
| Примарен вод Марино Ø280 | 0 | 2 | 1 | 0 |
| Примарен вод Илинден Ø280 | 6 | 7 | 3 | 3 |
| Примарен вод Илинден Ø225 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Примарен вод Бунарџик-Бучинци Ø225 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Примарен вод Бунарџик Ø160 | 0 | 3 | 3 | 2 |
| Примарен вод Ајватовци Ø110 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Примарен вод Миладиновци Ø100 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Примарен вод Дељадровци Ø75 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Примарен вод Текија Ø125 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Примарен вод ТИРЗ Ø560 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **20** | **34** | **20** | **22** |

**Табела 10:** Санирани дефекти на секундарни водови

| Територија на општина | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 17 |
| Гази Баба | 3 |
| Петровец | 1 |
| **Вкупно** | **21** |

**Табела 11:** Споредбен приказ на санирани дефекти на секундарни водови во период 2022-2025 година

| Територија на општина | Број на санации по години | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
| Општина Илинден | 26 | 9 | 17 | 17 |
| Општина Гази баба | 2 | 0 | 1 | 3 |
| Општина Петровец | 3 | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **31** | **10** | **19** | **21** |

**Табела 12:** Санирани дефекти на приклучоци

| Територија на општина | Број на санации |
|---|---|
| Илинден | 126 |
| Гази Баба | 13 |
| Петровец | 26 |
| **Вкупно** | **165** |

**Табела 13:** Споредбен приказ на санирани дефекти на приклучоци во период 2022-2025 година

| Општина | Број на санации по години | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
| Општина Илинден | 129 | 116 | 110 | 126 |
| Општина Гази баба | 17 | 38 | 20 | 13 |
| Општина Петровец | 33 | 39 | 29 | 26 |
| **Вкупно** | **134** | **193** | **159** | **165** |

Враќањето на просторот во првобитна состојба по санација на дефектите, во зависност од сложеноста, обемот и карактерот се одвиваше со ангажман на сопствени капацитети.

Во Табела 14 е прикажана должината на цевки и црева кои се потрошени за одржување на водоводната мрежа во период 01.01-30.06.2025 година.

Материјалите се употребени за санација на дефекти на примарни и секундарни водови како и дефекти на приклучоци за корисници.

**Табела 14:** Одржување на водоводната мрежа

| Одржување на водоводната мрежа (m) | |
|---|---|
| Димензија на цевка | Должина |
| Ø280 | 27 |
| Ø225 | 6 |
| Ø160 | 2 |
| Ø110 | 1 |
| Ø90 | 1 |
| Ø75 | 1 |
| Ø63 | 4 |
| Ø40 | 13 |
| Ø32 | 70 |
| Ø25 | 20 |
| Ø20 | 3 |
| **Вкупно** | **148** |

## 2.1.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ

**Табела 15:** Приказ на Инвестиции во Одделението за водоводни мрежи и одржување

| Инвестиции во Одделението за водоводни мрежи и одржување | | |
|---|---|---|
| **Населено место** | **Инвестиција** | **Должина (м)** |
| Илинден | Стопански комплекс- поставување на секундарна водоводна линија | 20 |
| | Локалитет Ограѓе- поставување на секундарна водоводна линија | 145 |
| | Ул.8 поставување на секундарна водоводна линја | 30 |
| Марино - Јака | Ул.114 - поставување на секундарна водоводна линија | 55 |
| Марино | Поставување на секундарна водоводна линија дел под Јака | 120 |
| Марино (Локалитет 14 и 15) | Поставување на секундарна водоводна линија за правни субјекти во Локалитет 14 и 15 | 225 |
| Миладиновци | поставување на секундарна водоводна линија покрај пругата за Железничката станица | 270 |
| Кадино | Ул.6 – поставување на секундарна водоводна линија накај црквата | 100 |
| | Ул.6 – дислокација на секундарна водоводна линија | 50 |
| Миладиновци | Ул.5 – замена на секундарна водоводна линија | 35 |
| Бујковци | Поставен подземен хидрант | / |
| Мралино | Поставување на секундарна водоводна линиија | 20 |
| **Вкупно** | | **1070 метри** |

## 2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ

### 2.2.1. ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Одделението за санитарна контрола и управување со пумпни станици и резервоари континуирано ракуваше со пумпите и ја следеше нивната експлоатација, извршуваше тековно одржување на пумпите и одржување на објектите на пумпните станици и резервоарите, потоа спроведуваше операции за испумпување на вода, постојано следење и евидентирање на нивото на водата во резервоарите, нивно чистење и одржување, хлорирање на водата и контролирање и евидентирање на дозираниот и резидуален хлор во водата, евидентирање на притисокот во водоводната мрежа и навремено известуваше за евентуално настанатите промени.

**Табела 16:** Вкупна пласирана и фактурирана вода од сите три системи ($m^3$)

| 2025 година | Пласирана вода | Фактурирана вода |
|---|---|---|
| Јануари | 244.343 | 146.820 |
| Февруари | 211.456 | 120.458 |
| Март | 250.181 | 151.022 |
| Април | 233.851 | 148.372 |
| Мај | 275.712 | 158.400 |
| Јуни | 335.893 | 177.379 |
| **Вкупно** | **1.551.436** | **902.451** |
| % Неприходна вода | | **42** |

**График 3:** Вкупно пласирана и фактурирана вода прикажано по системи ($m^3$)



**Табела 17:** Споредбен приказ пласирана и фактурирана вода во текот на првиот квартал, за период од четири години

| Вода | Пласирана/фактурирана вода | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
| **Пласирана вода m³** | 1.408.028 | 1.365.164 | 1.433.969 | 1.551.436 |
| Фактурирана вода m³ | 798.375 | 837.354 | 905.856 | 902.451 |
| **Неприходна вода %** | **43** | **39** | **37** | **42** |

**Табела 18:** Пласирана и фактурирана вода (m³)

| Населени места | Пласирана вода (m³) | Фактурирана вода (m³) | Неприходна вода (%) |
|---|---|---|---|
| Илинден, Марино, Јака, Кадино, Мралино, Јурумлери, Идризово, Дрма, Гоце Делчев | 1.013.032 | 512.017 | 49 |
| Ајватовци, Бунарџик | 47.597 | 35.741 | 25 |
| Бучинци | 10.354 | 5.028 | 51 |
| Петровец, Огњанци, Ржаничино, Ќојлија | 212.060 | 127.926 | 40 |
| **Вкупно Пумпна станица Јурумлери** | **1.283.043** | **680.712** | **47** |
| ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 | 144.939 | 140.209 | 3 |
| **Вкупно систем ТИРЗ** | **144.939** | **140.209** | **3** |
| Пумпна станица – Резервоар | 20.158 | 0 | 100 |
| ОКТА А.Д | 357 | 357 | 0 |
| Миладиновци | 56.680 | 48.216 | 15 |
| Бујковци | 20.905 | 15.486 | 26 |
| Текија и Дељадровци | 25.354 | 17.471 | 31 |
| **Вкупно Систем ОКТА** | **123.454** | **81.530** | **34** |
| **ВКУПНО** | **1.551.436** | **902.451** | **42** |

Вкупната количина на пласирана вода од водоснабдителните системи во текот на предметниот период изнесува 1.551.436 m³. Во пресметаната количина на неприходна вода опфатена е и водата пласирана за верските објекти како и водата која е искористена за наводнување на спортските игралишта. Измерената количина за предметниот период изнесува 7.000 m³ и истата преставува 0,45 % од вкупната количина на пласирана вода.

**Табела 19:** Приказ на трошоците за набавка на електрична енергија (ден)

| Трошоци за набавка на електрична енергија | Месечен износ 2025 год |
|---|---|
| Јануари | 1.723.454,00 |
| Февруари | 1.595.393,00 |
| Март | 1.261.343,00 |
| Април | 1.046.287,00 |
| Мај | 1.147.534,00 |
| Јуни | 1.558.690,00 |
| **Вкупно** | **8.332.701,00** |

Месечниот износ во себе ги вклучува: надоместокот за потрошена електрична енергија, електродистрибуција и фактурите доставени од ОКТА за водоснабдување на населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци како и вкалкулиран ДДВ и надоместок за јавно осветлување.

**Табела 20:** Приказ на потрошувачката на електрична енергија за дистрибуција на вода за пиење

| Пресметка за потрошувачка на електрична енергија | 2025 година |
|---|---|
| Количина на пласирана вода во $m^3$ | 1.551.436 |
| Количина на потрошена електрична енергија во kWh | 744.988 |
| Количина на електрична енергија потребна за пласирање на $m^3$ вода во kW | 0.48 |
| Електрична енергија во денари | 8.332.701,00 |
| Просечна цена за kW/час | 11,19 |

## 2.2.3. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Јавното Комунално Претпријатие „Водовод" н.Илинден има обврска според законската регулатива да го контролира квалитетот и капацитетот на водните ресурси што ги користи за водоснабдување на населението на територијата на трите општини, преку 24 мостри во текот на една календарска година согласно критериумите кои ги регулира Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.вес. на РМ бр.183 од 2.10.2018 г.). Земањето на мостри за анализа на водата за пиење се одвиваше во правилни временски интервали од мерни места кои ги опфаќаат јавни установи: Општина Илинден, ЈОУДГ "Гоце Делчев" - Илинден, ООУ "Браќа Миладиновци" - Миладиновци, ООУ "Браќа Миладиновци" - Текија, ЈОУДГ "Морковче" – Јурумлери, ООУ "Кочо Рацин" – Петровец, СОСУ "Илинден" општина Илинден, Дирекција на ТИРЗ Скопје 1 и 2 и вода од резервоарот во н.м Бунарџик.

Во периодот 01.01-30.06.2025 година земени се 40 (четириесет) мостри за основни анализи на вода (физичко – хемиска и микробиолошка анализа) од сите водоводни системи со кои стопанисува Јавното Комунално Претпријатие „Водовод" н.Илинден. Добиените вредности се во граници на пропишаните вредности кои ги регулира Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.вес. на РМ

бр.183 од 2.10.2018 г.). на web-страната на Претпријатието http://jkpvodovodilinden.com.mk. Во текот на предметниот период направени се и анализи на сите изворишта за вода со кои стопанисува ЈКП Водовод н.Илинден. Во интерната лабораторија во моментов секоја недела се анализираат мостри од извориштата на вода, резервоарите и вода од корисниците од сите населени места. Во текот на предметниот период земени се 84 (осумдесет и четири) мостри за анализа на вода.

## 2.2. 2 ИНВЕСТИЦИИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА

Во текот на месец мај од тековната година, согласно Годишниот план за јавни набавки, во пумпната станица ОКТА во Јурумлери е извршена целосна надградба и реконструкција на пумпниот систем со цел зголемување на ефикасноста и намалување на енергетските трошоци. Постоечките бунарски пумпи со моќност од 15 kW се заменети со нови, енергетски поефикасни бунарски пумпи со моќност од 11 kW и работна ефикасност од 81%.

Секоја од новоинсталираните пумпи е управувана преку индивидуален фреквентен регулатор, со што се овозможува флексибилна и оптимизирана работа на системот, заштита на пумпите и значително намалување на потрошувачка на електрична енергија. Надградбата опфаќа и целосно нов систем за автоматско управување, базиран на ПЛЦ контролер, поставен во ново инсталиран управувачки ормар. Во системот е интегрирана и постојната опрема, со што е обезбедена централизирана контрола на целата пумпна станица, бунарски за довод до централен водособирник и бустер пумпи за пумпање количини на вода до резервоар Окта.

Опремувањето на пумпната станица со ваква опрема овозможува континуирано водоснабдување со здравствено исправна и безбедна вода за користење од страна на корисниците. Вредноста на оваа набавка изнесува 5 000 000, 00 денари.

## 2.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТРЕТМАН НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ)

Одделението за Канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води е одговорно за одведување и пречистување на отпадните води, тековно и инвестиционо одржување на канализациониот систем, одржување во исправна состојба на канализациониот систем и мрежа (фекални пумпни станици) и објектите на нив, ревизионите шахти, преливи, испусти и слично, интервенции со цистерни под притисок и вакуум, изведување приклучоци и вршење контрола на истите и тековно и инвестиционо одржување на пречистителните станици.

### 2.3.1. ВИД И БРОЈ НА КОРИСНИЦИ

ЈКП „Водовод" н.Илинден врши собирање, одведување и пречистување на отпадните води преку канализациониот систем и пречистителните станици: Марино ПП1, Марино ПП2, Илинден ПП7, Илинден ПП8, Кадино ПП3 и Кадино ПП4 кои се изградени од страна на Општина Илинден.

Вкупниот број на корисници приклучени на системот за прифаќање и третман на отпадни води поврзан со пречистителни станици изнесува 1.807 корисници.

**Табела 21:** Вид и број на корисници по припадни површини

| Припадна површина | Вид на корисници | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | | | Правни субјекти | | | | | |
| | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01 | 30.06 | Нови | 01.01. | 30.06 | Нови |
| Марино ПП1 | 220 | 220 | 0 | 21 | 21 | 0 | 241 | 241 | 0 |
| Марино ПП2 | 493 | 493 | 0 | 32 | 32 | 0 | 525 | 525 | 0 |
| Кадино ПП3 | 125 | 125 | 0 | 1 | 1 | 0 | 126 | 126 | 0 |
| Кадино ПП4 | 114 | 114 | 0 | 24 | 24 | 0 | 138 | 138 | 0 |
| Илинден ПП7 | 336 | 338 | 2 | 28 | 28 | 0 | 364 | 366 | 2 |
| Илинден ПП8 | 399 | 400 | 1 | 9 | 11 | 2 | 408 | 411 | 3 |
| **Вкупно** | **1.687** | **1.690** | **3** | **115** | **117** | **2** | **1.802** | **1807** | **5** |

ЈКП „Водовод" н.Илинден покрај тоа што врши собирање, одведување и пречистување на отпадните води преку канализациониот систем поврзан со пречистителна станица, врши и собирање и одведување на урбани отпадни води во канализационен систем поврзан со отворени реципиенти во населените места Илинден, Марино, Кадино, Миладиновци и Јака, како и од Технолошко индустриските зони ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2.

Вкупниот број на корисници приклучени на канализациониот систем поврзан со отворени реципиенти изнесува 1.713.

**Табела 22:** Број на корисници приклучени на отворени реципиенти

| Населено место/зона | Број на корисници |
|---|---|
| Илинден | 649 |
| Марино | 566 |
| Кадино | 42 |
| Миладиновци | 277 |
| Јака | 156 |
| ТИРЗ | 23 |
| **Вкупно** | **1713** |

## 2.3.2. ПРОШИРУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

Канализациониот систем за прифаќање и третман на отпадни води со кој стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден во моментот опфаќа 7 (седум) припадни површини во населените места Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци со вкупна должина на канализациона мрежа од 33.394 метри.

ЈКП „Водовод" н.Илинден во период 01.01-30.06.2025 година заради приклучување на нови физички и правни лица изврши проширување на канализационата мрежа во должина од 968 метри.

**Табела 23:** Вкупно поширување на канализационата мрежа

| Нова канализациона мрежа (m) | |
|---|---|
| **Населено место** | **Должина** |
| Илинден | 464 |
| Марино | 370 |
| Јака | 134 |
| **Вкупно** | **968** |

**Табела 24:** Проширување на системот за канализација поврзан со пречистителни станици

| Припадна површина | Должина на канализациона мрежа (m) | | |
|---|---|---|---|
| | 01.01.2025 | 30.06.2025 | Нови |
| Марино ПП1 | 4.585 | 4.585 | 0 |
| Марино ПП2 | 7.558 | 7.558 | 0 |
| Кадино ПП3 | 4.451 | 4.451 | 0 |
| Кадино ПП4 | 3.302 | 3.302 | 0 |
| Илинден ПП7 | 4.892 | 4.892 | 0 |
| Илинден ПП8 | 4.380 | 4.419 | 39 |
| Миладиновци ПП1 | 4.187 | 4.187 | 0 |
| **Вкупно** | **33.355** | **33.394** | **39** |

**Табела 25:** Проширување на системот за канализација за собирање и одведување на отпадни води

| Изградена канализациона мрежа (m) | |
|---|---|
| Населено место | Должина |
| Илинден | 425 |
| Марино | 370 |
| Јака | 134 |
| **Вкупно** | **929** |

## 2.3.3. ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

### ПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

Во Одделението за канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води секојдневно се проверуваат препумпните уреди и пречистителните станици, се чистат корпите од препумпните уреди и ревизионите шахти од неразградив отпад, се проверува културата на бактерии за третман на отпадна вода, како и проверка на механичкиот дел од пречистителните станици, електриката и електрониката за автоматско и мануелно управување и редовно одржување и сервисирање на агрегатите.
Агрегати се поставени во препумпните уреди 3 и 7, припадна површина 7, н.Илинден, препумпен уред 1, улица 10 н.м Кадино, припадна површина 7 како и агрегатот на пречистителната станица Марино ПП1.

### НЕПЛАНИРАНО ОДРЖУВАЊЕ

Во текот на предметниот период во повеќе наврати беше интервенирано со машина за пробивање на запушени канализациони линии како и интервенции на препумпни уреди кај кои е евидентиран проблем во функционирањето, исто така на одредени критични точки е интервенирано и со фекална цистерна т.е. вршено е празнење на шахти со цистерна. Дополнително фекалната цистерна се ангажира за чистење на септички јами кај физички лица и правни субјекти кои не се поврзани на канализационен систем.

Во периодот 01.01.2025-30.06.2025 година беа евидентирани следните интервенции:

**Табела 26:** Интервенции на препумпни уреди

| Населени места | Број на интервенции |
|---|---|
| Илинден | 158 |
| Марино | 160 |
| Кадино | 44 |
| **Вкупно** | **362** |

**Табела 27:** Пробивање на канализациони линии

| Населени места | Број на интервенции |
|---|---|
| Илинден | 24 |
| Марино | 34 |
| Кадино | 5 |
| Јака | 1 |
| Миладиновци | 15 |
| Бујковци | 2 |
| ТИРЗ | 3 |
| **Вкупно** | **84** |

**Табела 28:** Црпење на јами и шахти со фекална цистерна

| Интервенција | Количина на отпадна вода ($m^3$) |
|---|---|
| Шахти од канализационен систем | 2170 |
| Јами кај физички лица | 275 |
| Јами кај правни субјекти | 360 |
| **Вкупно** | **2805** |

## 2.3.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ

**Табела 29:** Приказ на Инвестициите во Одделението

| Инвестиции во Одделението за канализација | | |
|---|---|---|
| **Населено место** | **Инвестиција** | **Должина (m)/количина** |
| Јака | Линија за приклучување на домаќинства | 134 |
| Марино | Канализациона линија за поврзување на домаќинства – крак од улица 406 | 230 |
| | Канализациона линија за поврзување на домаќинства -крак од улица 500 | 94 |
| | Приклучок за фекална канализација за парк во н.м. Марино | 46 |
| Илинден | Канализациона линија на ул.8 (од ЗЕГИН до автобуската) | 140 |
| | Канализациона линија на ул.8 (кај железен мост) | 88 |
| | Канализациона линија на ул.8 за поврзување на 2 домаќинства пред асфалтирање на улицата | 31 |
| | Канализациона линија на крак од улица 8 | 144 |
| | Поврзување на канализациони линии од индивидуални домаќинства на десен крак од колектор | 22 |
| | Канализациона линија на улица 11 | 39 |
| **Вкупно** | | **968 метри** |

## 2.3.5. СОБИРАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Отпадните води кои се прифаќаат со канализационите системи со кои стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден се пречистуваат и се испуштаат во отворени реципиенти.

**Табела 30:** Прифатена и пречистена отпадна вода преку пречистителни станици ($m^3$)

| Припадна површина | Правни субјекти | Физички лица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ПП1-Марино | 6.822 | 15.251 | 22.073 |
| ПП2-Марино | 3.235 | 30.236 | 33.471 |
| ПП3-Кадино | 3.578 | 11.497 | 15.075 |
| ПП4-Кадино | 3.338 | 7.825 | 11.163 |
| ПП7-Илинден | 17.914 | 20.752 | 38.666 |
| ПП8-Илинден | 5.313 | 17.211 | 22.524 |
| **ВКУПНО** | **40.200** | **102.772** | **142.972** |

**Табела 31:** Прифатена отпадна вода преку канализационен систем поврзан со отворени реципиенти ($m^3$)

| 2025 година | Илинден | Марино | Јака | Кадино | Миладиновци | ТИРЗ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| јануари | 6.951 | 1.123 | .546 | 5.739 | 4.259 | 19.228 | 37.846 |
| февруари | 6.393 | 1.042 | .525 | 5.599 | 4.194 | 16.903 | 34.656 |
| март | 6.961 | 1.095 | .492 | 5.538 | 4.222 | 25.964 | 44.272 |
| април | 7.677 | 1.189 | .514 | 5.644 | 4.240 | 22.969 | 42.233 |
| мај | 7.917 | 1.331 | .571 | 6.134 | 4.512 | 26.624 | 47.089 |
| јуни | 7.959 | 2.495 | .685 | 7.039 | 4.692 | 28.521 | 51.391 |
| **Вкупно** | **43.858** | **8.275** | **3.333** | **35.693** | **26.119** | **140.209** | **257.487** |

Вкупната количина на прифатена и пречистена отпадна вода изнесува 142.972 $m^3$, додека количината на прифатени урбани отпадни води во канализациски систем поврзан со отворени реципиенти изнесува 257.487 $m^3$.

## 2.4.5. МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ПРЕЧИСТЕНАТА ОТПАДНА ВОДА

Степенот на пречистување на отпадните води е во согласност со Правилникот за поблиските услови за собирање, одведување и пречистување, начинот и условите за проектирање, изградба и експлоатација на системи и станици за пречистување на урбаните отпадни води, како и техничките стандарди, параметрите, стандарди на емисијата и нормите за квалитет на предтретман, отстранување и пречистување на отпадни води, имајќи го во предвид оптоварувањето и методот за пречистување на урбаните отпадни води кои се испуштаат во подрачјата чуствителни на испуштање на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.73 од 2011 година).

## 2.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПП ЗАШТИТА

Одделението за обезбедување и ПП заштита вршеше непрекинато физичко обезбедување на имотот и објектите во Пумпната станица Јурумлери, пумпната станица ОКТА, пумпна станица ТИРЗ, препумпната станица Бунарџик и хлоринаторната станица Миладиновци.

## 2.5. ФИНАНСИСКИ, СМЕТКОВОДСТВЕНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ

Во периодот 01.01-30.06.2025 година ЈКП „Водовод“ н.Илинден спроведуваше активности во функција на обезбедување на правилно материјално-финансиското работење, согласно актуелните законски прописи и внатрешните акти на Претпријатието, како и активности за навремено обезбедување на побарувањата и одржување на постојните деловни односи.

Од областа на финансиско-сметководствените и комерцијалните работи Претпријатието изработи:

- Годишна сметка за 2024 година;
- Годишна пресметка за 2024 година, во која спаѓаат: пописите на основните средства, опремата, градежните објекти, усогласување на фактичката со сметководствената состојба врз основа на Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Службен весник на РМ", бр.107/11), годишните отписи и утврдување на кусоци и вишоци по попис;
- Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП Водовод н.Илинден за првиот квартал.

Во продолжение е даден табеларен приказ на реализираната наплата на побарувања за снабдување со вода и собирање, одведување и пречистување на урбани отпадни води.

**Табела 32:** Реализирана наплата за услугата - "Водоснабдување" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ | Наплатен износ | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| | МКД | МКД | |
| Правни субјекти | 16.149.188 | 14.047.571 | 87% |
| Физички лица | 14.262.656 | 13.678.469 | 96% |
| **Вкупно** | **30.411.844** | **27.726.040** | **91%** |

**Табела 33:** Реализирана наплата за услуга - "Одведување на отпадни води" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ | Наплатен износ | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| | МКД | МКД | |
| Правни субјекти | 3.305.162 | 3.009.307 | 91% |
| Физички лица | 2.304.732 | 2.238.717 | 97% |
| **Вкупно** | **5.609.894** | **5.248.024** | **94%** |

**Табела 34:** Реализирана наплата за услуга - "Пречистување на отпадни води" (без ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ | Наплатен износ | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| | МКД | МКД | |
| Правни субјекти | 690.489 | 610.075 | 88% |
| Физички лица | 1.013.605 | 936.306 | 92% |
| **Вкупно** | **1.704.094** | **1.546.381** | 91% |

**Табела 35:** Вкупна реализирана наплата (без вклучен ДДВ)

| Вид на корисник | Фактуриран износ | Наплатен износ | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| | МКД | МКД | |
| Правни субјекти | 20.144.839 | 17.666.953 | 88% |
| Физички лица | 17.580.993 | 16.853.492 | 96% |
| **Вкупно** | **37.725.832** | **34.520.445** | 92% |

## 2.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ

Целите и задачите во делот на правни, кадрови и општи работи се огледуваат во обезбедувањето на правната основа и подршка на сите активности кои се одвиваат во Претпријатието што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење. Од областа на правни, општи и кадрови работи Претпријатието изработи/поднесе :

- Годишен извештај за 2024 година за работењето и резултатите од работењето на Претпријатието;
- 1257 опомени за неплатен долг по основ на сметки за физички лица и 69 опомени за неплатен долг од правни субјекти;
- 12 предмети за извршување за неподмирен долг од физички лица и 3 предмети за извршување за правни лица до надлежен извршител;
- 260 платни налози за неплатен долг по основ на сметки за физички лица
- Вкупно 48 мислења за хидро-технички услови во системот за електронска градежна дозвола од исто толку поднесени барања;
- Спроведени се 18 постапки за јавни набавки.

# ЗАКЛУЧОК

Активностите кои ги превзема Претпријатието се насочени кон квалитетно управување, одржување, интеграција и модернизација на водоснабдителните системи со кои управува ЈКП ''Водовод'' н.Илинден во функција на успешно следење на брзиот економски развој на Општината и обезбедување на оптимални количини на вода за физичките лица и правните субјекти.

ЈКП „Водовод" н.Илинден

Ивица Трипуновски, дипл.правник.

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден • Илинден